...



# Бизнис демографија на претпријатија

# ДС_БДЕМ_А_МК_2020_1

# Референтни метаподатоци според ESMS 2.0 структура

| | |
|---|---|
| **1** | **Контакт** |
| **1.1** | **Организација/ институција за контакт** |
| Државен завод за статистика | |
| **1.2** | **Организациска единица за контакт** |
| Одделение за Структурни деловни статистики, демографија на препријатија и статистика на странски филијали | |
| **1.3** | **Лице за контакт** |
| Снежана Шиповиќ | |
| **1.4** | **Звање на лицето за контакт** |
| Раководител на одделение | |
| **1.5** | **Поштенска адреса** |
| ул. „Даме Груев“ бр. 4, 1000 Скопје, Република Северна Македонија | |
| **1.6** | **Електронска адреса** |
| snezana.sipovic@stat.gov.mk | |
| **1.7** | **Телефонски број** |
| 02 3295-757 | |
| **1.8** | **Факс** |
| 02 3111- 336 | |
| **2** | **Ажурирање метаподатоци** |
| **2.1** | **Последна потврда на метаподатоците** |
| 10,06,2021 | |
| **2.2** | **Последна објава на метаподатоците** |
| 28,05,2021 | |
| **2.3** | **Последно ажурирање на метаподатоците** |

10,06,2021

| 3 | Статистичка презентација |
|---|---|

| 3.1 | Опис на податоците |
|---|---|

Број на активни претпријатија, број на новосоздадени претпријатија, број на згаснати претпријатија, број на новосоздадени преживеани претпријатија, на вкупно ниво, по сектори на дејност и според правната форма.

| 3.2 | Систем на класификации |
|---|---|

Национална класификација на дејностите - НКД Рев.2.

| 3.3 | Опфат на сектор/и |
|---|---|

Сектори на дејност според НКД рев.2

- B/Б - Рударство и вадење на камен
- C/В - Преработувачка индустрија
- D/Г - Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација
- E/Д - Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпад и
- дејности за санација на околината
- F/Ѓ - Градежништво
- G/Е - Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли
- H/Ж - Транспорт и складирање
- I/З - Објекти за сместување и сервисни дејности со храна
- J/Ѕ - Информации и комуникации
- K/И - Финансиски дејности и дејности на осигурување ( освен класа 64.20 - дејности на холдинг-компании)
- L/Ј - Дејности во врска со недвижен имот
- M/К - Стручни, научни и технички дејности
- N/Л - Административни и помошни услужни дејности
- O/Љ - Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување
- P/М - Образование
- Q/Н - Дејности на здравствена и социјална заштита
- R/Њ - Уметност, забава и рекреација
- S/О - Други услужни дејности

| 3.4 | Статистички концепти и дефиниции |
|---|---|

Демографијата на претпријтија претставува концепт кој опфаќа група на варијабли кои ги одразуваат карактеристиките и демографијата на популацијата на деловни субјекти. Создавањето на нови претпријатија и згаснувањето на непродуктивните претпријатија значително влијае врз днамиката на деловните активности. Притоа, за да се обезбедат информации за влијанието на демографските промени на претпријатијата, нивниот развој се следи во текот на 5 години  со цел да се види како тие преживуваат и растат.

**Популацијата на активни претпријатија** се состои од оние претпријатија кои во кое било време во текот на референтната година имале приход и/или вработени.

**Претпријатието** е основна статистичка единица и претставува најмала комбинација на правни единици, односно тоа е организациска единица, производител на стоки и услуги, која поседува одреден степен на автономија во одлучувањето, особено за прераспределување на своите тековни ресурси (Регулатива на ЕУ бр.696/1993 за статистички единици).

**Создавање на претпријатие** претставува независен настан кој влијае само на едно претпријатие во популацијата на активни претпријатија и опфаќа креирање на една нова комбинација на производствени фактори.

**Згаснување на претпријатие** претставува настан кој се однесува на престанување (згаснување) на една комбинација на производствени фактори, со ограничување други претпријатија да не се вклучени во тој настан, во годината хх+2.

**Преживеано претпријатие** е претпријатието кое е создадено во годината хх и е активно ( остварува промет и/ или има вработени лица ) во наредната година.

| | |
|---|---|
| **3.5** | **Статистичка единица** |
| Деловен субјект | |
| **3.6** | **Статистичка популација** |
| Деловни субјекти класифицирани според НКД рев.2  во секторите В-О; освен класата 64,20 дејност на холдинг друштвата | |
| **3.7** | **Референтна област** |
| НТЕС 1 и 2 (Република Северна Македонија) | |
| **3.8** | **Временска покриеност** |
| Од 2004 година. | |
| **3.9** | **Базен период** |
| Не е применливо | |
| **4** | **Единица на мерење** |
| Број, процент | |
| **5** | **Референтен период** |

Година

## 6 Институционален мандат

### 6.1 Законски акти и други договори

**Национални:**

- Закон за државната статистика („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 54/1997, 21/2007, 51/2011, 104/2013, 42/2014, 192/2015, 27/16,83/18 и 220/18) и

- Програма за статистички истражувања за периодот 2018-2022 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 22/18 и 224/18).

**Меѓународни:**

- Регулативата (ЕЗ) бр.295/2008 од Европскиот парламент и Совет од 11 март 2008 година,

- Регулативата (ЕЗ) бр.250/2009 од 11 март 2009, Регулативата (ЕЗ) бр.251/2009 од 11 март 2009 и

- Прирачник на Евростат-OECD за Бизнис демографија.

### 6.2 Споделување на податоци

Од 2009 година податоците се доставуваат преку алатката за трансмисија EDAMIS до Евростат.

## 7 Доверливост

### 7.1 Доверливост - политика

Податоците се индивидуални податоци, заштитени со Законот за државната статистика .Податоците што се прибираат од извештајните единици преку статистичките истражувања или индиректно, од административни или од други извори, се доверливи податоци и се користат исклучиво за статистички цели. Резултатот на статистичката обработка може, исто така, да генерира информации кои се сметаат за доверливи, на пример: анонимизирани индивидуални податоци, табели со многу ниско ниво на агрегација, како и сè уште необјавени податоци. Политиката за статистичка доверливост Политиката за статистичка доверливост ги содржи основните начела што се применуваат во Државниот завод за статистика.

### 7.2 Доверливост - третирање на податоците

Секој индивидуален или личен податок, независно во која фаза на статистичка обработка се наоѓа, има третман на доверлив податок и може да се користи исклучиво за статистички цели. При објавувањето на податоците од ова истражување на агрегирано ниво, не се јавува потреба за дополнително третирање на податоците заради обезбедување статистичка доверливост.

## 8 Политика за објавување

### 8.1 Календар на објавување

Објавувањето на податоците е во согласност со Календарот на објавување кој се подготвува еднаш годишно, пред почетокот на календарската година, а се ажурира квартално.

### 8.2 Пристап до Календарот на објавување

Календар на објавување

### 8.3 Кориснички пристап

Во согласност со политиката за дисеминација, сите корисници имаат еднаков пристап до статистичките податоци во исто време. Податоците се објавуваат на веб-страницата истовремено за сите корисници, кои се информираат од Календарот на објавување и ниеден корисник нема привилегиран третман.

## 9 Фреквенција на дисеминација

Годишна

## 10 Достапност и јасност

### 10.1 Соопштенија

„Демографија на претпријатија, 2020".

### 10.2 Публикации

Северна Македонија во бројки, 2022

### 10.3 Онлајн база на податоци

МАКСтат-база на податоци достапна на веб-страницата на ДЗС.

### 10.4 Пристап до микроподатоци

Во согласност со Законот за државната статистика **Законот за државна статистика** (член 41) и со **Политиката за пристап до анонимизирани микроподатоци за научно-истражувачки цели**, податоците што се прибрани за потребите на официјалната статистика може да се користат за научно-истражувачки цели ако не е загрозена нивната директна или индиректна идентификација, т.е. откривањето на индивидуалноста на податокот.Пристапот до микроподатоци е возможен само во просторија на ДЗС, а врз основа на претходно доставено и одобрено барање и потпишан договор.

| 10.5 | **Друго** |
|---|---|

Во согласност со Политиката за дисеминација, услугите на ДЗС вклучуваат подготовка на податоци според потребите на корисниците, помош при користењето на библиотечниот материјал и објавените податоци.

Државниот завод за статистика вложува големи напори за развој на производи и услуги кои ќе ги задоволат потребите на различни категории на корисници кои имаат различни потреби, преку разни форми на презентација и пристап до статистичките податоци.

Генерално, ограничувањата за пристап до податоци произлегуваат од Политиката за статистичка доверливост и исклучок е направен за научно-истражувачката заедница. Дисеминацијата на микроподатоци за истражувачки цели е во согласност со Политиката за пристап до анонимизирани микроподатоци за научно-истражувачки цели.

| 10.6 | **Документација за методологијата** |
|---|---|

Методолошко објаснување, национално

http://www.stat.gov.mk/MetodoloskiObjasSoop.aspx?id=83&rbrObl=22

Прирачник за статистика на демографија на претпријатијата на Евростат- ОЕЦД

https://ec.europa.eu/eurostat/ramon/statmanuals/files/KS-RA-07-010-EN.pdf

| 10.7 | **Документација за квалитетот** |
|---|---|

| 11 | **Управување со квалитет** |
|---|---|

| 11.1 | **Обезбедување на квалитетот** |
|---|---|

Посветеноста на Државниот завод за статистика за обезбедување квалитет на производите и на услугите е содржана во:

Законот за државната статистика ,

Стратегискиот план на Државниот завод за статистика ,

Политиката за квалитет на Државниот завод за статистика како и во постојаните напори за усогласување со Кодексот за работа на европската статистика .

Главните аспекти и процедури за управување со квалитет во фазите и потпроцесите од Статистичкиот бизнис процес модел, како и добрите практики и насоките за обезбедување квалитет се документирани во интерен документ Насоки за обезбедување квалитет на статистичките процеси. Потребните влезни и излезни метаподатоци, како и релевантните индикатори за квалитет за одделни потпроцеси, се опишани во документот Упатство за менаџери на статистички истражувања.

## 11.2 Оценка на квалитетот

Статистичкото истражување за демографија на претпријатијата го задоволува принципот на точност. Сите податоци се објавени според роковите во Календарот на објавување и се навремено проследени/испратени во Евростат.

Во насока на подобрување на квалитетот и содржината на податоците , следните активности се насочени кон обезбедување на податоци за вработеноста, и според неа идентификување на брзорастечките претпријатија.

## 12 Релевантност

## 12.1 Потреби на корисниците

Податоците од областа на демографијата на претпријатијата се користат како извор на податоци за анализа на бројот и структурата на популацијата на активни, новосоздадени, згаснати и преживеани претпријатија.

Како корисници на податоците се јавуваат:

**Министерствата и засегнатите владини институции и**

**Стопанските комори, трговските здруженија** кои ги користат овие податоци за анализа на пазарните активности, како и за донесување на соодветни стратегии како, пр., за развој на малите и средните претпријатија;

**Универзитети, професори, студенти, независни аналитичари, експерти** и сл.

## 12.2 Задоволство на корисниците

Државниот завод за статистика ја спроведува Анкетата за мерење на задоволството на корисниците . Оваа анкета е спроведена во 2009, 2012, 2015 , 2017 и последната во 2019 година.

| | |
|---|---|
| **12.3** | **Комплетност** |

Во тек е продукцијата на податоци за демографијата на претпријатијата, според големина на претпријатието дефинирана според бројот на вработени лица, како и бројот на брзо растечки претпријатија.

| | |
|---|---|
| **13** | **Точност и веродостојност** |

| | |
|---|---|
| **13.1** | **Севкупна точност** |

Точноста на податоците се обезбедува преку преземање на мерки за намалување на непримерочните грешки, како и дополнителна споредба и анализа на податоците пред тие да бидат објавени.

| | |
|---|---|
| **13.2** | **Примерочни грешки** |

Не е применливо.

| | |
|---|---|
| **13.3** | **Непримерочни грешки** |

Со оглед на тоа што податоците се добиваат од административен извор и сите потребни информации за истражувањето се расположливи во добиената електронска документација, нема појава на непримерочни грешки.

| | |
|---|---|
| **14** | **Навременост и точност** |

| | |
|---|---|
| **14.1** | **Навременост** |

T+540 за новосоздадените претпријатија, вкупно и сопред правна форма

T+540 за прелиминарни податоци за згаснатите петпријатија, вкупно и сопред правна форма.

T+900 за дефинитивни податоци за згаснатите претпријатија, вкупно и според правната форма.

| | |
|---|---|
| **14.2** | **Точност** |

Сите податоци се објавени според роковите во Календарот на објавување и навремено проследени/испратени во Евростат.

| | |
|---|---|
| **15** | **Кохерентност и споредливост** |

| | |
|---|---|
| **15.1** | **Географска споредливост** |

Податоците се произведуваат на национално и на ниво на региони  согласно прирачникот за демографија на претпријатија на Евростат- ОЕЦД. Ова обезбедува споредливост на националните податоци со европските податоци. Сепак, споредливоста на податоците може да биде ограничена поради изворот на податоци кои се користи како основа за пресметка во различни земји.

| | |
|---|---|
| **15.2** | **Временска споредливост** |

Податоците за основните варијабли од областа на Демографија на претпријатија се разграничени во две временски серии кои не се споредливи поради примената на различни верзии на Националната класификација на дејностите.:

Од 2004-2008 година според НКД Рев.1.

Од 2009 година според НКД Рев.2. Бројот на референтни периоди во временската серија од последниот прекин е  11.

| | |
|---|---|
| **15.3** | **Меѓудоменска кохерентност** |

Направена е споредба со податоците од Статистичкиот деловен регистар. Податоците се кохерентни.

| | |
|---|---|
| **15.4** | **Внатрешна кохерентност** |

Внатрешна кохерентност на податоците е обезбедена, податоците се контролираат и анализираат во процесот на производство.

| | |
|---|---|
| **16** | **Трошок и оптовареност** |

Нема трошоци за прибирање на податоците, ниту пак оптовареност на известувачките единици бидејќи се преземаат директно (електронски) од административен извор.

| | |
|---|---|
| **17** | **Ревизија на податоците** |

| | |
|---|---|
| **17.1** | **Политика за ревизија на податоците** |

Во согласност со  Политиката за ревизија  на податоци во ДЗС.

| | |
|---|---|
| **17.2** | **Практика за ревизија на податоците** |

Податоците од демографија на претпријатија се објавуваат како конечни податоци.

Исклучок се податоците за згаснатите претпријатија од тековната година  кои се објавуваат како претходни податоци.

| | |
|---|---|
| **18** | **Статистичка обработка** |

| | |
|---|---|
| **18.1** | **Извори на податоци** |

Статистичкиот деловен регистар, воспоставен и редовно ажуриран во Државниот завод за статистика.

| | |
|---|---|
| **18.2** | **Фреквенција на прибирање податоци** |

Годишна.

## 18.3 Прибирање на податоците

Податоците за активните претпријатија се преземаат од Статистичкиот деловен регистар.

## 18.4 Проверка на податоците

По електронското преземање на податоците, се врши контрола на податоците во согласност со
однапред дефинирани логичка правила. Првичната контрола на точноста на податоците е обезбедена преку контрола на податоците од Статистичкиот деловен регистар, како извор на податоците за демографија на претпријатијата. Потоа, се применува сет од валидациски правила за контрола на податоците при нивното агрегирање во дата-сетови според дејноста на која припаѓаат, правната форма и статусот на активност. Доколку има потреба, одредени белези се коригираат.

## 18.5 Компилирање податоци

Податоците преземени од базата на Статистичкиот деловен регистар се обработуваат и пресметаните варијабли на ниво на деловен субјект, се агрегираат, на ниво на вкупна економија и според сектори на дејности, по големина на деловниот субјект, правната форма. При обработката, за валидација на податочните сетови се користи ЕДАМИС - алатката за валидација на Евростат, преку која е и се врши трансмисија на податоците до базата на Евростат.

## 18.6 Прилагодување

не е применливо

# 19 Коментар

# A.1 Анекси